АД за проектирање и производство на електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје
Примено: 05-05-2025
Орг.ед.: 0202 30

РАДЕ КОНЧАР-ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО

СКОПЈЕ

**ДО**

**СОБРАНИЕ НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА**

**Бул.Трета Македонска бригада б.б**

**1000 Скопје**

**ПРЕКУ- Одбор на директори - Извршен директор на АД**

**Предмет: Дополнување на Дневен ред согласно чл.390 од ЗТД и согласно Јавниот повик на Собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника за седница закажана за 30.05.2025 год.во 10 часот.**

Согласно член 390 од ЗТД, во својство на акционерот- ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности со 10772 акции со право на глас, односно со најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, ДОО застапувано од управителот предлага дополнителна точка на дневниот ред :

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

Донесување на Одлука за давање овластување без ограничување на одборот на директори на АД и извршниот директор на АД во својство на застапници на содружникот АД Раде Кончар-Апаратна техника со 40% удел и право на глас во Собирот на содружници на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности, да учествува и да се произнесува во постапката за купопродажба на недвижниот имот, опишан во ИЛ 58529 КО Кисела Вода 2, сопственост на друштвото и тоа:

1. За донесување одлука за одобрување и отпочнување на постапка за купопродажба на недвижниот имот во ИЛ 58529 КП 1851/16 КО Кисела Вода 2
2. За утврдување услови на купопродажбата:
   - Објава на јавен оглас во јавни гласила.
   - Продажба исклучиво за парични средства.

- Почетна цена 8.000.000 евра.
- Неповратен капар минимум 5%.
- Предност – финансиски услови, односно исплата во најкус можен рок.
- Донесувањето на ДУП-от да не е услов за реализација на прифатена понуда и договор за купопродажба.
- Санкционирање за изгубена добивка при евентуално премислување (пишманлак) на некој од содружниците.
- Паричните средства од купопродажбата да се распределат во целост на содружниците или доколку има загуба- согласно обврските на ДОО истата да се покрие, а разликата – остатокот да се распредели во целост.
- Содружникот АД Раде Кончар-Апаратна техника паричните средства од купопродажбата да ги распредели во целост во име на аванс на дивиденда на акционерите на АД.

Образложение

Потребата за донесување на наведената Предлог Одлука е да се овозможи непречено работење и полноправно одлучување на содружниците што зависи од овластувањето за изјаснување на содружникот АД Раде Кончар-Апаратна техника на Собирот на содружници на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности за предметната купопродажба на недвижниот имот.

Имено, во меѓувреме во Друштвото се пристигнати две нови понуди од заинтересирани купувачи и за истите, како и сите евентуални нови понуди, друштвото не може полноправно да преговара и се произнесе поради немањето овластување на содружникот АД Раде Кончар-Апаратна техника.

Поради се ова, како и врз основа на водени дискусии на содружниците во Друштвото на седница одржана на 26.03.2025 год., сметаме дека е неопходно донесување на оваа Предлог одлука.

Подносител на предлогот

Акционер ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности,

Застапувано од Управителот

Душко Црнокрак